РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 13 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“, број 129/2023 и 53/2024), по предлог на Програмскиот совет, Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 30.12.2024 година, утврди

# ОПШТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

# И

# СПЕЦИЈАЛИЗРАНА ПРОГРАМА ЗА ДОБРОВОЛНА КОНТИНУРАНА ОБУКА

# 2025-2026

**Скопје, 30 декември 2024 година**

***ВОВЕД***

Креирањето на општа програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители во Северна Македонија (во понатамошниот текст: Општа програма) вклучува неколку клучни компоненти. Општата програмата треба да обезбеди развој на професионални компетенции, правно знаење, етика и процедурални вештини потребни за ефективно правосудство. Со општа програма, Академијата ги имплементира системот на контрола на квалитетот за програмата за континуирана обука, со кој се очекува да се воспостават и наметнат стандадри со кои ќе се подобри подготовката, организација и спроведувањето на континуираната обука.

Општата програма претставува рамка за изработка на наставната содржина и каталогот на обуки и дава општи упатства за спроведувањето на обуките. Неа ја изготвува Програмскиот совет, а ја утврдува Управниот одбор на Академијата, согласно членовите 11 и 20 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ“ бр. 129/2023). Програмата за континуирана обука се изработува и имплементира во согласност со членовите 62 и 63 од истиот Закон.

Општата програма за континуирана обука се заснова на:

- Одредбите од Закон за Академијата за судии и јавни обвинители;
- Одредбите од други закони кои ги пропишуваат структурата и функционирањето на правосудниот систем;
- Статутот на Академијата и нејзината институционална мисија и цели;
- Насоките и инструкциите на Управниот одбор и Програмскиот совет на Академијата; и
- Оценка на потребите на целните групи на Академијата, верификувани од повисоките судови и јавни обвинителства и Судскиот совет на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ.

***ЦЕЛ НА ОПШТАТА ПРОГРАМА***

Основна цел на Програмата е унапредување на ефикасноста и компетентноста на правосудниот систем, заснован на сите меѓународни стандарди за независно и ефикасно правосудство, сервисно ориентирано и насочено кон остварување целосна заштита на човековите права и слободи и владеењето на правото.

Општата програма е насочена кон:

- организирање задолжителни тематски обуки за судиите и јавните обвинители, согласно правната област на која работат, за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства и за други целни групи;
- континуиран професионален развој на судиите и јавните обвинители и останатите целни групи;
- одржување соработка со национални и меѓународни проекти и партнери.

При креирање на општата програма, АСЈО ги зема предвид и препораките од Извештајот на Оценската мисија на TAIEX во областа на судската обука односно мисијата за оценка и анализа на функционирање на АСЈО, која беше спроведена од 23 до 26 април 2018 година.

Општата програма е изработена преку спроведување систематска и сеопфатна пишана методологија за Оценка на потребите за обука (ОПО). Оценката на потребите за обука има аналитичка и консултативна природа.

За постигнување на главната цел на Општата програма, при подготовката на Каталогот на обуки предвид се земаат областите во кои постои приоритет за обука и фокусот е на најважните области од правото, како што се измените на домашната легислатива, меѓународната легислатива и легислативата на Европската унија и судската пракса, начелата на ЕКЧП и праксата на Европскиот суд за човекови права, како и обуки за комплементарни вештини (меки вештини).

## *ЦЕЛНИ ГРУПИ*

Програмата е наменета првенствено за целните групи кои имаат законска обврска за континуирана обука, за постојните судии и јавни обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, како и за судии поротници и судии и јавни обвинители кои ќе бидат избрани во тековната година.

Покрај нив, целни групи опфатени со Програмата се и субјектите кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството (вработени во Министерството за правда, адвокати, нотари, извршители, медијатори, претставници на надлежни министерства, институции, агенции, дирекции и комисии).

Целна група претставуваат и предавачите во континуирана обука и менторите во почетна обука за кои ќе се организираат обуки на обучувачи за да се гарантира ефикасен процес на учење со фокус на начелата за учење на возрасни, методи, техники и алатки за правилно осмислување и спроведување на обуките.

***МОДУЛИ***

Програмата е составена од неколку модули кои опфаќаат општи теми, практични искуства во примената на законските решенија, новините во материјалното и процесното законодавство и пракса од основните области на правото (кривично, граѓанско, трговско, управно, како и меѓународно право и право на Европската унија, одделни членови на Европската Конвенција за човекови права), а со цел судиите и обвинителите да стекнат и развиваат не само основни професионални правни знаења и инструкции за толкување и примена на прописите, туку и комплементарни вештини потребни за вршење на судиската односно обвинителската функција и директна примена на меѓународните документи. Модулите кои се однесуваат на материјалното и процесното право се фокусирани на секојдневната практична работа на судиите и обвинителите, пред сé преку анализа на практични случаи, изработка на акти, пресуди, обвинителски акти и слично. Воедно, поради актуелноста, тие опфаќаат и одредени теоретски прашања, како и запознавање со најновите научни и стручни достигнувања во областа на националното, меѓународното право и правото на ЕУ.

***ПРЕДАВАЧИ***

Во реализацијата на настаните предвидени со Општата програма учествуваат голем број домашни и странски предавачи, кои овозможуваат успешна реализација на Каталогот за обуки. Најголем дел од домашните експерти се активни судии и јавни обвинители, од сите инстанци, професори на правните и други факултети, но во реализацијата се вклучуваат и претставници на релевантни државни институции и правни експерти од областите на кои се однесуваат настаните како и експерти од определени области од интерес за интердисциплинарен пристап во обработка на темите за континуирана едукација.При обуките, предавачите користат методолошки пристап сообразен на образование на возрасни.

***МЕТОДОЛОГИЈА***

Општата програма за континуирана обука ќе се реализира преку голем број разновидни едукативни настани, во вид на советувања (централизирано и децентрализирано), конференции, работилници, учење на далечина, тркалезни маси, дебати за законски предлози, online обуки, вебинари итн. Обуките ќе се изведуваат преку излагања, дебати, практични вежби, работа во групи, анализа на домашна и меѓународна пракса и симулации.

***СЛЕДЕЊЕ И ЕВАУЛАЦИЈА***

Следењето и евалуацијата се од клучна важност за контролата на квалитетот на Општата програма, како и на настаните одржани согласно Каталогот на обуки, изработен врз основа на Општата програма. Од таа причина, Академијата спроведува следење и евалуација на настаните, преку прашалници кои учесниците ги добиваат на секој настан, а се однесуваат на оценување на успешноста на програмата, на предавачите, на материјалите и успешноста на програмата, со можност за давање свои предлози и коментари.

ACJO
Академија за судии и јавни обвинители

AGJPP
Akademia për gjykatës dhe prokurorë publik

**ОПШТА ПРОГРАМА ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**

***ТЕМАТСКА РАМКА***

Тематска програма  за периодот, 2025-2026, содржи модули и посебни теми за обука во неколку:

- Граѓанско право[1], 8 модули
- Кривично право[2], 6 модули;
- Управно право[3], 1 модул
- Уставно право[4], 5 модули
- Меѓународно право/ Право на ЕУ и човековите права[5], 3 модули
- Општо: Етика, интегритет и односи со јавност[6], 3 модули
- Специјализирани обука за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства[7]

***ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ПО МОДУЛИ И ТЕМИ:***

| **ОБЛАСТ** |
|---|
| **ГРАЃАНСКО ПРАВО** |
| **МОДЛУ I “ПРОЦЕСНА ПОСТАПКА”** |
| 1. Тема:„Злоупотреба на процесни овластувања во парнична постапка“ |

---

[1] **Забелешка:** Во областа на граѓанското право опфатени се модули и теми од материјално и процедурано граѓанско право, семејно право, трговско право, право од работен однос.
[2] **Забелешка**: Во областа на кривичното право опфатени се модули и теми од материјално и процедурално кривично право, како и од законот за прекршоци.
[3] **Забелешка:** Во областа на управното право опфатени се теми од областа на управните спорови, управна постапка и други закон поврзани со работата на управните судии.
[4] **Забелешка:** Во областа на уставното право опфатени се теми кои се поврзуваат со уставното судство во РСМ, слобода и задржување, статусни права на судиите и јавните обвинители, како и теми поврзани со одредени уставни права на граѓаните на РСМ.
[5] **Забелешка:** Во оваа област опфатени се сите актуелни теми поврзани со меѓународното право, праксата на ЕСЧП и примената на ЕКЧП
[6] **Забелешка:** Во оваа област опфатенис е општи теми за етика и интегритет како и за односи со јавност
[7] **Забелешка:** Обуките за претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, вклучувајќи ги претседателите на ССРСМ и ССЈОРСМ опфаќаат теми поврзани клучните и актуелни прашања поврзани со нивната работа, како што се односи со јавност и менаџмент.

| |
|---|
| 2. Тема:„Вештини со раководење главна расправа“ |
| 3. Тема:„Раководење со главна расправа и донесување на процесни решенија против кои е дозволена посебна жалба“ |
| 4. Тема:„Јавност на главната расправа со учество на претставници на медиуми“ |
| 5. Тема: „Претходни дејствија на судијата пред закажување на главна расправа“ |
| 6. Тема: „Постапување во предмети во кои една од странките е странско физичко и правно лице (начин на достава на поднесоци и докази, обезбедување на акторска кауција)“ |
| **МОДУЛ II„МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО“** |
| 7. Тема: „Примена на Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка (Сл.Весник бр. 53 од 04.03.2024)“ |
| 8. Тема: „Незаконитости во постапки при спроведување на извршување ППНИ“ |
| 9. Тема: „Извршување на привремени и претходни мерки изречени согласно Законот за обезбедување на побарување во постапката кои не се правосилно завршени“ |
| 10. Тема: „Определување на надомест за одземено земјиште од владение без акт за експропријација (проценка или вештачење, рокови за застареност, иницирање со предлог или со тужба)“ |
| **МОДУЛ III “РАБОТНИ СПОРОВИ”** |
| 1. Тема: „Начин на засновање и престанок на работен однос“ |
| 2. Тема: „Вознемирување на работно место од претпоставен и останати вработени“ |
| 3. Тема: „Надоместоци и додатоци на плата“ |
| 4. Тема: „Видови тужби во остварување на правата од работен однос“ |
| 5. Тема: „Надомест на материјална и нематеријална штета во работни спорови“ |
| 6. Тема: „Отказ од деловни причини и отказ согласно член 78 од ЗРО“ |
| **МОДУЛ IV “ТРГОВСКИ СПОРОВИ”** |

| |
|---|
| 1. Тема: „Трговски регистар и уписи во трговски регистар“ |
| 2. Тема: „Заштита на правата на лица чии права се повредени со упис, со ништавен упис и со упис на друштво за кое е утврдено ништавност на друштвото“ |
| 3. Тема: „Престанување на трговското друштво по пат на стечај и ликвидација (поим, надлежност и правни последици од престанување по пат на стечај и ликвидација)“ |
| 4. Тема: „Ништавност и побивање на одлуката донесена на собир на содружници (одговорност и правни последици) |
| 5. Тема: „Побивање на одлуки и овластување за побивање“ |
| 6. Тема: „Заштитата на правата на малцинските акционери“ |
| 7. Тема: „Видови друштва, поврзани друштва, пробразба на друштва, тајно друштво“ |
| **МОДУЛ V “СЕМЕЈНО ПРАВО”** |
| 1. Тема: „Режим на имот во вонбрачна заедница“ |
| 2. Тема: „Повреда на нужен дел и начин на засметување на нужен дел“ |
| 3. Тема: „Утврдување на поголем придонес на имот стекнат во брак“ |
| 4. Тема: „Оспорување на татковство“ |
| **МОДУЛ VI “СУДСКА ЗАШТИТА ВО ВРСКА СО ИНСГИТУТОТ ДИСКРИМИНАЦИЈА”** |
| 1. Тема: „Постапки за заштита од дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација и товар на докажување“ |
| 2. Тема: „Влијание на утврдена дискриминација врз решение за престанок на работен однос“ |
| 3. Тема: „Тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес (action poularis)“ |
| **МОДУЛ VII “СОПСТВЕНОСТ”** |
| 1. Тема: „Начин на стекнување на правото на сопственост и начин на престанок на правото на сопственост“ |
| 2. Тема: „Утврдување право на сопственост по пат на одржувачка кога државата се јавува како тужена страна“ |
| 3. Тема: „Правна заштита во тек на постапка за легализација на бесправно изградени објекти “ |

| |
|---|
| 4. Тема: „Воспоставување на право на службеност и начин на заштита на воспоставена службеност “ |
| 5. Тема: „Утврдување надоместок при воспоставување службеност“ |
| **МОУДЛ VIII“ВОНПАРНИЧНА ПОСТАПКА”** |
| 1. Тема: „Однос помеѓу вонпарнична и парнична постапка“ |
| 2. Тема: „Дозволеност на вонредни правни лекови во вонпарнична постапка“ |
| 3. Тема: „Определување на надоместок за непотполна експропријација“ |
| 4. Тема: „Физичка делба на заеднички имот“ |
| **ОБЛАСТ** |
| **КРИВИЧНО ПРАВО** |
| **МОДУЛ I “ЗАКОН ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА”** |
| 1. Тема: „Судска постапка согласно Законот за правда на децата“ |
| 2. Тема: „Испитување на дете-жртва на главна расправа пред јавен обвинител и во судска постапка“ |
| 3. Тема: **„**Спецификите при постапувањето со деца сторители на кривични дела“ |
| **МОДУЛ II “ПРЕДИСТРАЖНА И ИСТРАЖНА ПОСТАПКА”** |
| 1. Тема: „Предистражна и истражна постапка согласно одредбите од ЗКП“ |
| 2. Тема: „Мерки за обезбедување на присутво на лица и непречено водење на кривичната постапка, причини и случаи на нивна примена (во делот на истражната постапка)/ Незаконит преглед/ претрес“ |
| 3. Тема: „Примена на ПИМ како начин на собирање на докази“ |
| 4. Тема: Разлики и поврзаност на кривичните дела од член 396 од КЗ, член 215 ст.1 од КЗ, член 395 од КЗ, како и со други кривични дела, согласно измените на КЗ објавени во Службен весник бр. 188/23 |
| **МОДУЛ III “ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА”** |
| 1. Тема: „Раководење со главна расправа и злоупотреба на процесни овластувања во кривична постапка“ |
| 2. Тема: „Фаза на воведен говор и завршен збор во кривичната постапка“ |
| 3. Тема: „Директно, вкрстено и дополнително испитување, обвинети сведоци, оштетени и вештаци “ |

| |
|---|
| 4. Тема: „Анализа на доказни средства во кривичната постапка, искази на сведоци, оштетени и вештаци, како и спротивставени вештачења“ |
| 5. Тема: „Мерки на обезбедување на присуство на лица за непречено водење на кривичната постапка, причини и случаи на нивна примена“ |
| 6. Тема: „Употреба на мерката притвор во кривична и претходна постапка изразена преку членот 5 од ЕКЧП“; |
| 7. Тема: „ Примена на начелото забрана на двојно судење изразена преку обвинение со прекршок.“ |
| 8. Тема: „Новиот закон за вештачење во споредба со одредбите од процесните закони“ |
| 9. Тема: „Застареност на кривично гонење/застареност на извршување на казна“ |
| 10. Тема: „Техники при писмена изработка на пресудите со посебен осврт на анализа на доказите и примена на материјалното право“ |
| 11. Тема: „Оцена на отежнувачки и олеснувачки околности при донесување на одлука за кривичната санкција“ |
| 12. Тема: „Пробација-реализација на пресуда каде е изречена условна осуда со заштитен надзор и општокорисна работа и постапка за отповикување на условна осуда“ |
| 13. Тема: „Надлежности на кривичен суд и јавниот обвинител со посебен осврт на условен отпуст, бришење на осуда и повторување на постапка“ |
| 14. Тема: „Изрекување на кривични санкции на полнолетни лица за дела кои ги сториле како малолетници“ |
| **МОДУЛ IV “МАТЕРИЈАЛНО ПРАВО”** |
| 1. **Тема:** „Истанбулска конвениција и Резолуција 1325“ (Задолжителна според стратешки план на МП) |
| 2. **Тема:** „Материјално-правните и процесно-правните аспекти на кривичното дело „Неовластено производство и промет на наркотична дрога, психотропни супстанци и прекурсори од член 215 ст.1 од КЗ со прекршокот од член 20 од ЗППЈРМ“ |
| 3. Тема: „Перење на пари-осврт на предикативното дело“ |
| 4. Тема: „Кривични дела против службената должност, примање поткуп и давање поткуп согласно последните измени на КЗ/ Кривични дела од областа на злоупотреба на службената положба и овалстување (имајќи ги предвид измените на КЗ објавени во Сл.весник на РСМ бр. 188/234 кој стапи на сила на 15.09.2023)“ |
| 5. Тема: „Еколошки криминал и дистинкција со прекршок, материјално-правни и процесни аспекти“ |
| 6. Тема: „Кривични дела против изборите“ |
| 7. Тема: „Конфискација на имот и одземења на предмети/Истражување на корупција и одземање на имот што потекнува од |

| |
|---|
| кривично дело (ефективни средства и методи)“ |
| 8. Тема: „Трговија со дете- сличности и разлики со останати сродни инкриминации“ |
| 9. Тема: „Лекарска грешка, како објективна и субјективна одговорност “ |
| 10. Тема: „Измама и разграничување на ова криивчно дело од граѓанско правен однос“ |
| 11. Тема: „Дискриминација наспроти кривични дела од омраза и говор на омраза“ |
| **МОДУЛ V “КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ”** |
| 1. Тема: „Основи на компјутерски криминал и неговите облици (хакерство, фишинг, сајбер напади, лажни сајтови и др) “ |
| 2. Теми: „Правна рамка за борба против компјутерски криминал (национални и меѓународни прописи)“ |
| 3. Тема: „Сајбер безбедност и дигитална форензика“ |
| 4. Тема: „Сајбер безбедност на провајдерите на интернет услуги и нивната одговорност“ |
| 5. Тема: „Социјални медиуми: Злоупотреба и обезбедување на докази за кривични дела извршени преку компјутерски криминал“ |
| 6. Тема: „ЕУ регулатива за вештачка интелегенција/Начин на пристап/Предизвици и ризици“ |
| 7. Тема: „Криптовалути и друг виртуелен свет-перење пари и криптовалути, финансиски измами и друго“ |
| 8. Тема:„Примена на Будимпештанска конвенција за високо технолошки криминал и усогласување со националните закони-активности и постапки за откривање“ |
| **МОДУЛ VI “ПРЕКРШОЦИ”** |
| 1. Тема: „Прекршоци против јавниот ред и мир“ |
| 2. Тема: „Прекршоци против безбедноста во сообраќајот“ |
| 3. Тема: „Прекршоци согласно Законот за шумите и одземање на предмети според праксата на ЕСЧП“ |
| **ОБЛАСТ** |
| **УПРАВНО ПРАВО** |
| 1. Тема: „Примената на Законот за заштита на конкуренција“ |
| 2. Тема: „Спроведување постапки по јавни набавки наменето за судии кои постапуваат по предмети од областа на јавните набавки“ |

| | |
|---|---|
| 3. | Тема: „Примена на Законот за концесии и јавно приватно партнерство“ |
| 4. | Тема: „Отуѓување на градежно земјиште“ |
| 5. | Тема: „Хартии од вредност“ |
| 6. | Тема: „Поврат на ДДВ (одредби и примена)“ |
| 7. | Тема: „Двојно оданочување (договори и примена)“ |
| 8. | Тема: „Индустриска сопственост/ Трговска марка“ |
| **ОБЛАСТ** | |
| **УСТАВНО ПРАВО** | |
| **МОДУЛ 1 „УСТАВНО СУДСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“** | |
| 1. | Тема: „Примена на одлуките на Уставниот суд по утврдена повреда на човеково право: одлуките на Уставниот суд vis-à-vis одлуките на редовните судови“ |
| 2. | Тема: „Заштита на човековите права од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија – досегашна пракса“ |
| 3. | Тема: „Можно постапување на судовите при сомнеж за неуставност на закон по кој треба да одлучуваат“ |
| **МОДУЛ II „СТАТУСНИ ПРАВА НА СУДИИТЕ И ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ“** | |
| 1. | Тема: „Статусните права на судиите во Република Северна Македонија согласно европските стандарди и домашното законодавство“ |
| 2. | Тема: „Слободата на говор на судиите според европската судска пракса и европски стандарди“ |
| 3. | Тема: „Гаранции за независно судство согласно европските стандарди – како да се заштитиме?“ |
| 4. | Тема: „ Статусните права на јавните обвинители во Република Северна Македонија согласно европските стандарди и домашното законодавство “ |
| **МОДУЛ III „СЛОБОДА НА СОБИРАЊЕ И ЗДРЖУВАЊЕ“** | |
| 1. | Тема: „Заштита на слободите и правата пред Уставниот суд/ анализа на досегашната судска пракса“ |
| 2. | Тема: „Слобода на собирање – уставна и законска рамка и член 11 од ЕКЧП“ |
| 3. | Тема: „Слобода на здружување – европските стандарди и измените на Законот за здруженија и фондации“ |
| **МОДУЛ IV “СЛОБОДА НА ИЗРАЗУВАЊЕ МИСЛА, ВЕРА, ИДЕНТИТЕТ” -проф. д-р Рената Дескоска** | |

| |
|---|
| 1. Тема: „Слобода на вероисповест - уставна и законска рамка и праксата на Европскиот суд за човекови права “ |
| 2. Тема: „Слобода на изразување vis-à-vis правото на приватност“ |
| 3. Тема: „Правото на национален идентитет и правото на приватност (случајот Тасев, укинување на „балансерот“) “ |
| 4. Тема: „Слобода на изразување, клевета и навреда - стандарди за постапување согласно чл.10 од ЕКЧП “ |
| **МОДУЛ V “ПРАВО НА ПОЧИТУВАЊЕ НА ПРИВАТНИОТ И СЕМЕЈНИОТ ЖИВОТ”** |
| 1. Тема: „ Нови пресуди врз основа на член 8 од Европска конвенција за човекови права (приватен и семеен живот) “ |
| 2. Тема: „Право на почитување на приватен и семеен живот согласно домашната и европската правна рамка “ |
| **ОБЛАСТ** |
| **МЕЃУНАРОДНО ПРАВО/ПРАВОТО НА ЕУ/ЧОВЕКОВИ ПРАВА** |
| **МОДУЛ 1 „МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО“** |
| 1. Тема: „Механизми за конфискација и поврат на имот преку меѓународна соработка (Примена на членовите 54 и 55 од Конвенцијата на ОН против корупција)“ |
| 2. Тема: „Конвенција за заштита на деца и за соработка во меѓународното посвојување и Хашката конвенција за граѓански аспекти на меѓународното грабнување и задржување на деца“ |
| 3. Тема: „Решавање на судирот на законите според Законот за меѓународно приватно право “ |
| 4. Тема: „Признавање и извршување на странски арбитражни одлуки според Њујоршката конвенција “ |
| **МОДУЛ II “ПРАВО НА ЕУ”** |
| 1. Тема: „Судска и полициска соработка во кривични работи во ЕУ “ |
| 2. Тема: „Постапување со лица приведени или лишени од слобода од аспект на Член 3 од Европска конвенција за човекови права (Забрана на мачење, нечовечко или понижувачко постапување)“ |
| 3. Тема: „Препознавање и постапување во случаи на говор на омраза и дела од омраза |
| 4. Тема: „Пресуди на Европскиот суд за човекови права во случаи против Република Северна Македонија донесени во 2023 и 2024 година“ |
| 5. Тема: „Нови пресуди на ЕСЧП“ |
| **МОДУЛ III “ЧЛЕНОВИТЕ НА ЕКЧП И ПРАКСАТА НА ЕСЧП”** |

| | |
|---|---|
| 1. | Тема:„ Одземање предмети во кривичната постапка низ праксата на ЕСЧП член 1 од Протокол 1 од ЕКЧП |
| 2. | Тема: „Надомест на штета од неоправдана осуда и незаконито лишување од слобода согласно ЗКП во врска со член 5 став 5 од ЕКЧП и член 3 од Протокол 7 кон ЕКЧП“ |
| 3. | Тема: Улогата на ЕСЧП во определувањето на опсегот на човековите права- со примери од судската практика на ЕСЧП |
| **ОПШТО** | |
| **МОУДЛ I “ЕТИКА И ИНТЕГРИТЕТ?”** | |
| 1. | „Етичка дилема. Дали треба судиите и јавните обвинители да бидат присуни на социјалните мрежи како ФБ и Инстаграм?“ |
| 2. | „Интегритет на судија и јавен обвинител и разрешување на етичките дилеми при постапување по предмети“ |
| 3. | Тема: „Примена на Законот за спречување на корупција и судир на интереси – јакнење на интегритетот на судиите и јавните обвинители“ |
| 4. | Тема: „Примена на Закон за укажувачи во судството и јавното обвинителство“ |
| **МОДУЛ III “ЕФИКАСНО ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА- ПОЧЕТНО И НАПРЕДНО НИВО”** | |
| 1. | „Избор на клучна порака и нејзино ефикасно пренсување во јавноста (вербален и невербален говор) “ |
| 2. | „Подготовка за јавен настап/ (давање на изјава пред камера)“ “ |
| 3. | „Моделирање на пораките во согласност со публиката и медиумот“ |
| 4. | „Техники на интервјуирање на соговорникот и вежби за интервју и дебатна емисија“ |
| **МОДУЛ IV “ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ”** | |
| 1. | **„**Поим за односи со јавност и важноста на комуникацијата со јавноста**“** |
| 2. | „Систем за односи со јавност во судовите и обвинителствата (структура и нитерни правила)“ |
| 3. | „Што се медиуми и медиумски спектар во нашата држава, практични совети и вежби з акомуникација со различни видови медуми“ |
| 4. | **„**Комуникација на социјални мрежи**“** |
| **МОДУЛ V “УПРАВУВАЊЕ СО ВНАТРЕШНА КОМУНИКАЦИЈА”** | |
| 1. | Двонасочна внатрешна комуникација (инфорамиње и мотивирање на вработените) |

| |
|---|
| 2. Стратегиски комуникации и кризен менаџмент на комуникациите |
| **СПЕЦИЈАЛИЗИРАН ОБУКИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛИ НА СУДОВИТЕ** |
| 1. Тема: Односи со јавност |
| 2. Тема: Менаџирање и управување со финансиски средства |
| **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКА ЗА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА** |
| 1. Тема: Односи со јавност |
| **2.** Тема: Менаџирање и управување со финансиски средства |
| **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ОБУКА ЗА НОВИЗБРАНИ СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ** |
| 1. Моудл: Кривчно право и етика |
| 2. Моудл: Граѓанско право и етика |
| 3. „Форма и содржина на пресуда/обвинителен акт согласно закон и подзаконски акти (техничко уредување на текст и правописно изразување)“ |
| **ОБУКА НА ОБУЧУВАИ ЗА НОВОИЗБРАНИ ПРЕДАВАЧИ ВО АСЈО** |
| 1. „Дизајнирање на ефективни обуки и презентациски вештини“ |

**СПЕЦИЈАЛИЗРАНА ПРОГРАМА ЗА ДОБРОВОЛНА КОНТИНУРАНА ОБУКА**

***ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ ПО МОДЛУИ И ТЕМИ:***

| |
|---|
| **ОБУКИ ЗА СУДСКИ И ЈАВНООБВИНИТЕЛСКИ СЛУЖБЕНИЦИ** |
| **ОБЛАСТ<br>КРИВИЧНО ПРАВО** |
| **Модул 1 „Закон за кривична постапка“** |
| 1. „Примена на Законот за кривична постапка“ |
| **ОБЛАСТ:<br>ГРАЃАНСКО ПРАВО** |
| **Модул 1 „Закон за парнична постапка“** |
| 1. „Примена на Законот за граѓанска постапка“ |
| **ОПШТО** |
| 1. Годишен план за вработување |
| 2. Буџет и буџетски циркулар |
| 3. Изготвување на завршна сметка |
| 4. Попис |
| 5. Јавни набавки |
| 6. Судир на интереси и антикорупциски мерки |
| 7. Етика во судската и јавнообвинтелстката служба |
| 8. Примена на закон за судска и јавнообвинителска служба |
| 9. Примена судски деловник (обврски и  постапувања) |
| 10. Достава на писмена |

| | |
|---|---|
| 11. | Примена на закон за судски такси |
| 12. | Тонско снимање |
| 13. | Управување со предмети (движење на предмети) и време |
| 14. | Правен совет, правна помош и комуникација со странки |
| 15. | Годишни извештаи |
| 16. | Форма и содржина на пресуда/обвинителен акт согласно закон и подзаконски акти (техничко уредување на текст и правописно изразување) |
| 17. | Приемна на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер |
| 18. | Примена на Законот за заштита на личните податоци |
| 19. | Надлежности на работното тело за упраување со движење на предметите во судовите, годишен план, внатрешни процедури и список за кориснички групи (само за раководители и членови на работни тела) |
| 20. | Раководење (донесување на распоред за работа, решенија, наредби) |
| 21. | Дисциплинска постапка, поведување и последици |
| 22. | Архивирање на предмети |

**ЗАБЕЛЕШКА: Во општата програма за континурана обука за судии и јавни обвинители за 2025 година не влегуваат модулите и темите разработени во рамки на тековни странски проекти и странски партнери со кои соработува Академијата. Во однос на овие обуки, Академијата во текот на целата година е во постојани преговори со партнерите и проектите за реализација на обуки на актуелни теми со учество на меѓународни експерти, при што се обезбедува поблиска достапност на меѓународната експертиза. За овие обуки Академијата ги известува целните групи со дополнителен допис.**

**Академија за судии и јавни обвинители**
**„Павел Шатев“**
**Претседател на Управен одбор**
**Претседател на Основен граѓански суд Скопје**
**Судија Besnik Avdija**